# Нашиот Code of Conduct.

Остварување на нашите корпоративни вредности. Создавање на вредности – како тим.

Deutsche Telekom

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Предговор** | **4** |
| Воведни белешки | **6** |
| Корпоративна визија и вредности | 6 |
| Имплементација | 7 |
| Примена и важност | 7 |
| **Право и етика** | **8** |
| Работење според законските и етичките стандарди | 8 |
| Корпоративно управување | 8 |
| Социјална повелба | 9 |
| **Superior Value – Супериорна вредност** | **10** |
| Зголемување на вредноста и профитабилноста | 10 |
| Одржливо стопанисување | 10 |
| Одржливо стопанисување | 10 |
| **Passion for our Customers – Посветеност кон нашите корисници** | **11** |
| **Innovation – Иновација** | **12** |
| Креативност | 12 |
| Општествен развој | 12 |
| **Respect – Респект** | **13** |
| Соработка со вработените | 13 |
| Различност | 13 |
| Соработка со претставниците на вработените | 13 |
| **Integrity – Интегритет** | **14** |
| Заштита на податоци | 14 |
| Справување со судири на интереси | 14 |
| Перење на пари | 15 |
| Донации | 15 |
| Соработка со трети страни (акционери, добавувачи, конкуренција) | 15 |
| **Top Exzellence – Топ квалитет** | **16** |
| Придржување кон Кодексот на однесување | 16 |
| Информација и потврда | 16 |
| Постапка за поднесување приговор | 17 |
| Санкционирање на прекршоците | 17 |
| **Редакција** | **18** |
| **Контакт** | **18** |

# Предговор



**Почитувани дами и господа,**

Групацијата Дојче Телеком се стреми да постави стандарди и тоа не само со нашата компетентност и достигнувања, туку исто така и со нашето етичко однесување. Тоа претставува предизвик за личното однесување на секој поединец. Сакаме да гарантираме дека нашето работење е етички прифатливо, коректно и примерно – во секое време и во секој поглед.

За да го обезбедиме тоа, врз основа на нашите заеднички корпоративни вредности утврдени во T-Spirit изготвивме Кодекс на однесување, Code of Conduct. Овој Кодекс се однесува на секој вработен во Групацијата од секое ниво – од членовите на одборот на директори, преку раководните лица, сé до самите работници насекаде во светот. Во него се определени стандардите кои важат како за корпоративното, така и за личното однесување во рамките на Групацијата Дојче Телеком.

Кодексот на однесување, Code of Conduct, не може да ја предвиди секоја можна ситуација која би можела да настане. Тој претставува насока за сите вработени која е создадена како основа за отворена и демократска корпоративна култура во согласност со законите кон која не само што се чувствуваме обврзани, туку и се обидуваме да ја применуваме во нашиот секојдневен живот. За сите пријавени прекршувања ќе се поведе истрага и ќе се превземат соодветни мерки.

Извонредноста при постапувањето со нашите корисници и со сите наши партнери претставува основен стандард за нашите активности. Ние сакаме да бидеме сметани за добар партнер од страна на нашите акционери, деловни партнери и вработени, како и од страна на државните органи, институциите и јавноста во сите земји и региони во кои работиме. Истовремено, ние се трудиме да ја оствариме нашата корпоративна цел, Дојче Телеком да стане водечки давател на услуги во индустријата на телекомуникациите и информатичката технологија.



Kai-Uwe Ricke
Претседател на Управниот Одбор на
Deutsche Telekom AG

T-Spirit bookmark е приложен тука.

Доколку недостасува или пак доколку би сакале да нарачате повеќе (достапни на германски и англиски јазик), Ве молиме да испратите e-mail на:

**bookmark@telekom.com**

# Воведни белешки



## Корпоративна визија и вредности

Корпоративната визија «T-Spirit», со своите шест централни вредности ги определуваат нашите активности.

«Како водечка компанија на услуги во индустријата на телекомуникациите и индустријата на информатичката технологија го поврзуваме општеството за подобра иднина. Со топ квалитет, ефикасност и иновативност во полза на корисниците. Во секој поглед.»

T-Spirit го опишува патот по кој сакаме да ја оствариме нашата визија и да ги постигнеме нашите цели:

- Superior Value – Супериорна вредност. Постојано ја подобруваме вредноста на Deutsche Telekom.
- Passion for our Customers – Посветеност кон нашите корисници. Ги задоволуваме нашите корисници преку тоа што им нудиме одлични производи и услуги.
- Innovation – Иновација. Создаваме култура на иновации во која уживаме да работиме.
- Respect – Респект. Добиваме од нашата културна различност, почитта и меѓусебното помагање.
- Integrity – Интегритет Комуницираме на отворен и искрен начин и ги исполнуваме нашите ветувања.
- Top Excellence – Топ квалитет Размислуваме и се однесуваме решително и постојано се стремиме кон поголема ефикасност со вистинските луѓе на вистинските работни места. Конзистентно ја наградуваме изведбата на работата, а во исто време превземаме мерки против несоодветното однесување.

Важечката законска рамка, нашата визија и нашите корпоративни T-Spirit вредности се темелите на сите корпоративни одлуки и секојдневното работење. Тие претставуваат основа за развој на нашата корпоративна култура која за возврат придонесува до пораст на довербата во нашата Групација.



## Имплементација

Раководството на Групацијата создава предуслови за отворена и сигурна корпоративна култура. Во таква култура вработените можат да прават разлика помеѓу соодветното однесување од една страна и проблематичното однесување од друга страна, согласно моралните стандарди, законските одредби и вредностите на Групацијата Deutsche Telekom.

Од раководните лица на Групацијата Deutsche Telekom се очекува сите деловни активности да ги извршуваат ефикасно, согласно овој Кодекс на однесување. За таа цел, раководните лица создаваат соодветни работни услови за вработените. Тие треба да осигураат придржување до одредбите на Кодексот на однесување. Тие го воочуваат несоодветното однесување и истото доследно ќе го покренат како прашање, спречат или пак санкционираат.

Секој вработен мора да се однесува согласно Кодексот на однесување. Во случај на недоумица, вработените можат со потполна доверба да се обратат на претпоставеното лице или на функционално надлежната област.

Прекршувањето на Кодексот на однесување може да доведе до превземање на мерки согласно Законот за работни односи.

## Примена и важност

Кодексот на однесување важи за сите вработени во Групацијата Deutsche Telekom: за членовите на одборите на директори, раководните директори, раководните лица, вработените, како и за сите лица кои функционално полноважно се ангажирани како вработените лица (нпр. со договор за вработување на определено време или консултантите).

При примената на Кодексот на однесување, меѓународните подружници на Групацијата го почитуваат националното право на таа држава.

# Право и етика



## Работење според законските и етичките стандарди

Ние го почитуваме правото и истото го очекуваме од нашите деловни партнери. Националната и/или меѓународната законска рамка се важечки за секоја деловна активност на Групацијата Deutsche Telekom. Ние ги почитуваме културните и етичките вредности на земјите во кои работи Групацијата Deutsche Telekom.

## Корпоративно управување[1]

Групацијата Deutsche Telekom е посветена на доброто и одговорно корпоративно раководење (нпр. Deutscher Corporate Governance Kodex[2], Sarbanes Oxley Act[3]). Од сите вработени во Групацијата Deutsche Telekom очекуваме поддршка и придржување до овие принципи во рамките на нивните одговорности.

## Социјална Повелба[4]

Минималните социјални стандарди дефинирани во Социјалната Повелба се подеднакво транспарентни и обврзувачки во целата Групација. Социјалната Повелба се базира врз вредностите на Global Compact[5], како и врз меѓународно признатите стандарди и насоки на Меѓународната организација на трудот (ILO)[6] и OECD. Групацијата Deutsche Telekom исто така се придржува до овие меѓународно признати минимални социјални стандарди во сите деловни односи со добавувачите, деловните партнери и трети страни.

1) Корпоративно управување ги означува правните и фактичките регулативни рамки за управувањето и надзорот (раководење) на една компанија. Тука спаѓа и поделбата на правата и одговорностите меѓу корпоративните органи, собранието на акционери, надзорниот одбор и управниот одбор во смисла на управување и контрола на компанијата.
2) Германскиот Кодекс за корпоративно управување (Deutscher Corporate Governance Kodex) донесен од владината комисија за корпоративно управување, покрај главните законски прописи за управување и надзор на германските друштва на берзата (раководење со компанијата), содржи исто така и меѓународно и национално признати стандарди за добро и одговорно раководење со компанијата во форма на предлози и препораки.
3) Како компанија активна на меѓународен план, којашто исто така котира и на њујоршката берза, Deutsche Telekom AG во принцип им подлежи на одредбите од Актот Sarbanes Oxley (SOX) донесен во САД во јули 2002-та година. SOX е закон за компаниите и нивните ревизори којшто има за цел подобрување на сметководствените системи на компаниите.

4) Социјалната Повелба на Групацијата Deutsche Telekom е доброволна сопствена обврска од страна на Работодавецот за исполнување на минималните социјални стандарди во целата Групација. Повелбата содржи основни принципи за работните односи и условите за вработување. Исто така и од нашите добавувачи се очекува да ги исполнуваат стандардите.
5) Global Compact е иницијатива на ОН на светско ниво со цел да се даде поддршка и да се зајакне соработката помеѓу Обединетите Нации, економијата и другите групи во општеството. Deutsche Telekom се залага во својата политика на компанијата да запазува десет принципи за заштита на човековите права, работните, социјалните и еколошките стандарди, како и борбата против корупцијата.
6) Меѓународната организација на трудот (ILO) е посебна организација на Обединетите Нации. Во органите на ILO застапени се 177 земји-членки со претставници на нивните влади, работодавци и вработени. Тежиштето на активностите е насочено врз создавањето на меѓународни работни и социјални стандарди. Целта е подобрување на животните услови на работното население.